Врз основа на Акцискиот план за развој на волонтерството 2019 - 2021 и во соработка со Советот за волонтерство, Општина Битола објавува

**ЈАВЕН ПОВИК**

**за доделување на финансиски средства од Буџетот на Општина Битола за реализација на активности од акцискиот план за развој на волонтерството за организирање на волонтерски акции**

1. **Вовед**

   Овој повик се однесува на доделување на финансиски средства од Буџетот на Општина Битола на реализација на активности од акцискиот план за развој на волонтерството , за организирање на волонтерски акции во рамките на мерката: поттикнување на волонтирањето на локално ниво, а во насока на остварување на заложбите на Општина Битола за поддршка на граѓанските организации во промоцијата и поттикнувањето на активизмот на граѓаните и нивната поголема вклученост во активности од суштествено значење за локалната заедница, како што е волонтирањето и општествената одговорност.

2. Волонтерските акции може да се реализираат на отворен или затворен јавен простор (училишта, градински, детски игралишта, плоштади, паркови и сл.) и вклучуваат граѓани од различни целни групи (пол, возраст, етнички и социјални групи, професии и сл.). Идеи за волонтерски акции: расчистување, садење дрвја и зеленило, разубавување на јавни простори, цртање на мурали, изработка на клупи/маси од палети, средување на училишни дворови, бојадисување на огради, вело паркинзи, канти за отпадоци, поправки и бојадисување на клупи, детски реквизити во паркови и сл.

   *Напомена: за сите волонтерски акции треба да се обезбеди дозвола од одговорните за јавниот простор/опрема.

3. **Бодирани критериуми за аплицирање** (Максимум 100 бодови)

   3.1. Основни организациски критериуми кои треба да ги исполнуваат здруженијата и фондациите се:

   3.1.1. Да се регистрирани согласно Закон за здруженија и фондации („Службен весник на РМ" бр.52/10, 135/11 и 55/16) и

   3.1.2. Да имаат седиште во Општина Битола.

   3.2. Посебни проектни критериуми врз основа на кои ќе се врши проценка на квалитетот на проектите на здруженијата и фондациите се:

   3.2.1. Организациски капацитет (профил, капацитет, релевантно искуство од областа на волонтерство и општествената одговорност). **30.**

   3.2.2. Опис на акција/проект (цели, резултати, активности, пристап). **30.**

   3.2.3. Ефекти во локалната средина (влијание врз целни групи, одржливост). **20.**

   3.2.4. Буџет (соодветно изразени активности во буџетот и оправданост на трошоците). **20.**

   *За да биде квалификувана за финансиска поддршка, апликацијата мора да освои најмалку 50 бодови.

4. **Временската рамка** за спроведување на волонтерските акции е до 31 декември 2019 година.

5. **Висината на финансиските средства** кои ќе се доделат за организација за волонтерска акција изнесува најмногу до 9.000 денари.

*Доколку има повеќе исти или слични апликации за волонтерски акции Локалниот Совет за волонтерство може да препорача на одредени апликанти взаемна соработка со други апликанти.

6. **Поднесок на апликации**
   6.1. Здруженијата и фондациите имаат право да поднесат една апликација за финансиска поддршка што може да биде одобрена од Комисијата за финансии и буџет.
   6.2. Повеќе здруженија може да аплицираат заеднички со една волонтерска акција.

*На повикот може да учествуваат и училишта, граѓански иницијативи и други неформални групи кои ќе поднесат апликации во партнерство со здружение или фондација.

7. **Потребна документација** за пријавување:
   7.1. Пополнет Образец пријава и предлог проект (достапен на веб страната и шалтерите во Општина Битола).
   * Доколку предлог проектот е поднесен од коалиција на здруженија или друг вид на партнерство, истото треба да се наведе во апликацијата и завери со потпис и печат.
   7.2. Тековна состојба од Централен регистар на РМ (може и копија) не постара од 6 (шест) месеци.
   7.3. Документацијата се доставува до Општина Битола - Одделение за економски развој, Булевар „1-ви Мај" бр.61, во рок од 8 дена од денот на објавување на овој повик (не сметајќи го денот на објавувањето) заклучно со 19.11.2019

8. **Користење на доделените средства**
   8.1. Начинот на користење на финансиските средства ќе биде специфициран во договорот кој ќе биде склучен помеѓу здружението/фондацијата и општина Битола.
   8.2. Одделение за економски развој го следи наменското трошење на доделените средства.

Бр.08-1074

11.11.2019год.

ГРАДОНАЧАЛНИК

м-р Наташа Петровска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА БИТОЛА •